Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) како и врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи (Сл.весник на Република Македонија бр.62/2005, 106/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 53/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 27/2016, 110/2019, 120/2018 и 110/2019), член 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации (Сл.весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.98/2019 и 153/2019) и член 23 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, а во врска со објавениот Оглас за вработување број **398/2025** објавен на 03.06.2025, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.07.2025 година донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник

Во врска со јавниот оглас бр. 398/2025 за потреба од вработување на административни службеници во Агенцијата за електронски комуникации, објавен на ден 03.06.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација како и во дневните весници ‚Вечер", ,,Слободен печат" и ,,Лајм" за пополнување работното место **Советник за односи со јавност и протоколарни работи, шифра АЕК 01 01 В01 032** се избира кандидатот **Слаѓана Митовска**, со идентификациски код 346DFD2.

1. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на објавениот Јавен оглас број 398/2025 за потреба од вработување на административен службеник во Агенцијата за електронски комуникации, објавен на ден 03.06.2025 на интернет страната на Агенцијата за администрација како и во дневните весници ‚Вечер", ,,Слободен печат" и ,,Лајм", за работното место Советник за односи со јавност и протоколарни работи, шифра АЕК 01 01 В01 032, 1 (еден)

извршител, формирана е Комисија за селекција на вработување по Јавен оглас, која ја спроведе постапката за вработување составена од административна селекција со сочинет Записник бр. 10-1122/6 од 24.06.2025 година, записник од спроведен испит бр. 10-1122/7 од 14.07.2025 и проверка на веродостојноста на докази и интервју со сочинет Записник бр. 10-1122/9 од 17.07.2025 година.

Согласно член 44 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Комисијата за селекција за вработување до Агенцијата за електронски комуникации со акт број 10-1122/10 од 17.07.2025 година достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови за наведеното работно место.
Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

**Директор**
**Jeton Akiku**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ

Наш број: 0401-1279/17
Скопје, 18.07. 2025 година

Доставено до:
- Директор на АЕК (копија бр.1)
- Именуваниот/а (копија бр.2)
- Агенција за администрација (копија број 3)
- Сектор за управување со човечки ресурси (копија број 4)
- Архива